

Со концерт на големата македонска музичка ѕвезда, Владо Јаневски ќе биде заокружено годинешното чествување на заштитникот на лозарите и овоштарите, Свети Трифун, кое годинава ќе донесе неколку интересни настани.

Чествувањето ќе започне во 11 часот и 40 минути со културно уметничка програма на градскиот плоштад, како увертира во традиционалното закројување на виновата лоза кое е предвидено за во 12 часот. Од 12 часот и 30 минути до 15 часот свој настап ќе имаат балетското студио „Венус“, фолклорниот ансамбл „Тиквеш“ и група „Акустико“.

Вечерната програма започнува во 20 часот со настапот на бендот Trilogy, во 20 часот и 45 минути на сцената ќе се појават Лексикон, додека пак почетокот на концертот на Владо Јаневски е закажан за во 21 часот и 30 минути. Вечерта ќе ја затвори DJ Lucky.


2018
СВ. ТРИФУН
14.02.2018 (СРЕДА)
ГРАДСКИ ПЛОШТАД
12:00ч. ТРАДИЦИОНАЛНО ЗАКРОЈУВАЊЕ НА ВИНОВАТА ЛОЗА
12:30ч. ДО 15:00ч. БАЛЕТСКО СТУДИО ВЕНУС,
ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ ТИКВЕШ, ГРУПА АКУСТИКО
ДЕГУСТАЦИЈА НА ВИНО, РАКИЈА, МАЏУН, ГРОЗДОВ СОК И ТРАДИЦИОНАЛНА, КАВАДАРЕЧКА ХРАНА
20:00ч. ГРУПА TRILOGY
20:45ч. ГРУПА ЛЕКСИКОН
21:30ч. ВЛАДО ЈАНЕВСКИ
23:15ч. DJ ЛАКИ
ОПШТИНА
КАВАДАРЦИ